Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. 09-1406/1
03-06-2025 2025 г.

Врз основа на членот 41 вв член 47 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/06, 35/08, 1650/10, 83/18 и 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.96/19) и член 51 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19) Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 26.05.2025 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за избор на претседател на Врховен суд на Република Северна Македонија

За претседател на Врховен суд на Република Северна Македонија е избран Африм Фидани, судија на Врховен суд на Република Северна Македонија.

Оваа одлука влегува во сила по правосилно завршување на постапката и истата ќе се објави во "Службен весник на Република Северна Македонија"

## О б р а з л о ж е н и е

Судскиот совет на Република Северна Македонија согласно одлуката бр.09-161/1 од 23.01.2025 година објави оглас за избор на претседател на Врховен суд на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.15/25 од 24.01.2025 година).

Согласно на член 47 од Законот за судовите, претседател на суд се избира од редот на судиите кои имаат најмалку шест години непрекинат судиски стаж во суд од ист или повисок степен, под услови и во постапка утврдени со закон, за време од четири години, со право на уште еден избор во суд од ист степен. За претседател на суд се избира судија кој од страна на Судскиот совет на Република Македонија е оценет со позитивна оценка, согласно со Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија. Кандидатот за претседател на суд кон пријавата и другите документи приложува програма за работа во текот на мандатот, со акциски план за спроведување на програмата.

Согласно на Правилникот за начинот на формирање на комисија за проверка на исполнетоста на условите и критериумите за избор на претседател на суд и исполнетоста на условите за избор на претседател на суд од Законот за судовите, Комисија за проверка на навременост на пријавите и комплетноста на документите по објавениот оглас за избор на претседател на Врховен суд на Република Северна Македонија до Советот поднесе Извештај со предлог листа за избор на претседател на Врховен суд на Република Северна Македонија бр.09-161/11 од 28.03.2025 година.

Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 26.05.2025 година расправаше и одлучуваше согласно ранг- листа на кандидати за претседател на Врховен суд на Република Северна Македонија.

Секој член на Советот го образложи својот начин на гласање за кандидатот и кандидатот Африм Фидани го доби потребното мнозинство гласови од вкупниот број членови со право на глас.

Согласно горенаведеното, Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 26.05.2025 година донесе одлука за избор со која за претседател на Врховен суд на Република Северна Македонија е избран судија Африм Фидани.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
м-р Александар Камбовски